**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

**2370.**

Врз основа член 15 став 3 од Законот за јавните патишта и („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, 52/09, 114/09,124/10, 23/11 и 53/11), министерот за транспорт и врски, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ, ПОСТАПКАТА И УСЛОВИТЕ ПОД КОИ АГЕНЦИЈАТА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА ДАВА СОГЛАСНОСТ ЗА ИЗГРАДБА НА ДРЖАВЕН ПАТ НА ДРУГ ИНВЕСТИТОР

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот, постапката и условите под кои Агенцијата за државни патишта дава согласност за изградба на државен на друг инвеститор.

Член 2

Барањето за добивање согласност за изградба на државен пат се поднесува до Агенцијата за државни патишта.

Кон барањето за добивање согласност за изградба на државен пат подносителот треба да достави:

- Проектна задача/ програма за изградба на државниот пат изработена од стручни лица;
- Изјава заверена на нотар дадена под кривична и материјална одговорност дека изградбата на државниот пат ќе ја врши според постапка утврдена со прописите од областа на градење;
- Потврда дека над правното лице не е отворена постапка за стечај, не постара од 6 (шест) месеци издадена од Централен Регистар на Република Македонија во оригинал или копија заверена на нотар;
- Потврда дека над правното лице не е отворена постапка за ликвидација, не постара од 6 (шест) месеци издадена од Централен Регистар на Република Македонија во оригинал или копија заверена на нотар;
- Извештај за билансот на состојба и податоци од биланс на успех издаден од надлежен орган, а за новоформираните правни лица изјава дека правното лице нема деловна активност заверена од надлежен орган.

Член 3

Доколку доставената документација не е комплетна или не ги исполнува условите и стандардите за изградба на државен пат во Република Македонија, Агенцијата за државни патишта за тоа го известува подносителот на барањето и ќе го задолжи да ги отстрани констатираните недостатоци или да го дополни барањето во рок кој не може да биде подолг од 15 дена.

Доколку подносителот на барањето не ги отстрани констатираните недостатоци или не го дополни барањето во рокот определен во став 1 од овој член, Агенцијата ќе го одбие барањето за добивање согласност за изградба на државен пат.

Член 4

Доколку барањето за добивање согласност за изградба на државен пат и проектната задача/програма доставена во прилог е во спротивност со планираните или отпочнатите проекти на Агенцијата за државни патишта, Агенцијата ќе го одбие барањето за добивање согласност за изградба на државен пат.

Член 5

За добивање согласност за изградба на државен пат, барателот треба да ги исполнува следниве услови:

- да има проектна задача/ програма за изградба на државниот пат изработена од стручни лица за физички и за правни лица;
- изградбата да ја врши според постапка утврдена со прописите од областа на градење за физички и за правни лица;
- да не е отворена постапка за стечај за правни лица;
- да не е отворена постапка за ликвидација за правни лица;
- да има позитивен биланс на состојба и биланс на успех во последната година за правни лица.

Член 6

Во согласноста дадена од страна на Агенцијата за државни патишта се определува времетраењето на гарантниот период по изградбата на патот, во рамките на кој инвеститорот треба да ги отстрани евентуално настанатите недостатоци.

Член 7

Меѓусебните права и обврски во врска со дадената согласност за изградба на државен пат, се уредуваат со договор склучен меѓу Агенцијата за државни патишта и Инвеститорот со кој особено се уредуваат прашањата за одговорноста за квалитетот на изградбата на државниот пат; финансирањето на проектот вклучувајќи ги сите фази од проектирањето, експропријацијата, изградбата, трошоците за промена и упис на сопственоста во Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, трошоците за примопредавање на патот, отстранувањето на недостатоците во гарантниот период.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-9013/1
18 јули 2011 година
Скопје

Министер,
**Миле Јанакиески**, с.р.

---

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**2371.**

Врз основа на член 81-б став 1 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 37/97, 25/00, 101/00, 50/01, 25/03, 37/04, 4/05, 50/06, 29/07, 102/08, 161/08, 50/10, 88/10 и 51/11), министерот за труд и социјална политика, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ПО ЖАЛБА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на известувањето за недонесување на решение по жалба во рокот утврден во член 81-б став 1 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

Член 2

Известувањето од член 1 од овој правилник се поднесува на образец "Известување за недонесување на решение по жалба" даден во Прилог бр.1 кој е составен дел на овој правилник.

Образецот од став 1 на овој член се поднесува на хартија во бела боја со формат А4 и содржи:

-назив на органот до кој се поднесува известувањето,
- назив на известувањето,
- име и презиме на подносителот на известувањето,
- адреса на живеење на подносителот на известувањето,
- краток опис на содржината на известувањето,
- датум и место на поднесување и
- потпис на подносителот на известувањето.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-4662/3
18 јули 2011 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Џељаљ Бајрами**, с.р.

ПРИЛОГ бр.1

ДО ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ
СКОПЈЕ

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

поради недонесување на решение по жалба

______________________________________________

(име и презиме / назив на подносител на известувањето)

______________________________________________

(адреса на живеење на подносител на известувањето)

Со оглед дека министерот надлежен за работите од областа на трудот не донесе решение по жалба во рокот утврден во член 81-б став 1 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, го известувам Државниот управен инспекторат да изврши надзор во Министерството за труд и социјална политика заради одлучување по жалба под број ______________ поднесена на ден ____________ година, чија копија ја доставувам во прилог.

Датум и место

__________

__________

Подносител на известувањето

______________________

**2372.**

Врз основа на член 81-а став 3 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 37/97, 25/00, 101/00, 50/01, 25/03, 37/04, 4/05, 50/06, 29/07, 102/08, 161/08, 50/10, 88/10 и 51/11), министерот за труд и социјална политика, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ОД АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – ЦЕНТАР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето заради недонесување на решение од Агенцијата за вработување на Република Македонија – Центар за вработување, по поднесено барање за остварување на право утврдено во Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност во рокот утврден во член 81-а став 1 од Законот.

Член 2

Барањето од член 1 од овој правилник се поднесува на образец – “Барање заради недонесување на решение за уважување или за одбивање на барањето за остварување на право”, на хартија во бела боја со формат А4, даден во Прилог број 1 кој е составен дел на овој правилник.

Образецот на барањето од став 1 на овој член содржи податоци за:

- примател на барањето,
- наслов на барањето,
- податоци за подносителот на барањето (име и презиме, адреса и место на живеење на подносителот на барањето),
- месно надлежниот Центар за вработување,
- назначување на правото за кое претходно е донесено барањето,
- краток опис на барањето,
- место и датум на поднесување на барањето и
- потпис на подносителот на барањето.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-4662/4
18 јули 2011 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Џељаљ Бајрами,** с.р.

ПРИЛОГ бр.1

До писарницата на Агенцијата за вработување
на Република Македонија
- Центар за вработување -
_______________________

# Б А Р А Њ Е

зарадии недонесување на решение за уважување или за одбивање на барањето за остварување на право по основ на невработеност

Од______________________________________________
(име и презиме на подносителот на барањето)
со стан на ул.______________ бр. ________ од ____________ општина ______________.

Подносителот на барањето на ден ____________год., поднесе барање за остварување на право______________________________.

Со оглед дека законскиот рок од 60 дена од поднесувањето на барањето е истечен, поднесувам барање одговорното лице на Агенцијата за вработување на Република Македонија – Центар за вработување ____________ во рок од пет работни дена да донесе решение согласно член 81-а став 4 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

ПРИЛОГ: Копија од поднесеното барање за остварување на право на ______________________________________________ бр._______ од _____________ год.

Место и датум
_____________
_____________

Подносител на барањето
_____________________